

Нако Станишев (1810 – 1875) е македонски деец, застапник за осамостојување од Цариградската патријаршија, истакнат претставник на Кукушката унија. Како познат трговец и производител, тој е долгогодишен претседател на Кукушката црковно-училишна општина. Бил во врска со Д. Миладинов и со епископот Партенија Зографски. Подоцна ја напуштил унијата.

Нако Станишев е роден околу 1810 година во Кукуш. Кукушани во тоа време од локалниот памук изработувале во домашни услови бели платна: Младиот Станишев, веќе на 22 години тргува со платното обиколувајќи ја Македонија и Албанија. По појавата на американ платното, домашното производство се намалува, а Нако преминува на производство и продажба на шарлаган (масло од сусам). Постепено тој станува познат трговец-производител.

Станишев со тек на време го зголемува својот капитал и застанува на чело на Кукушките македонски првенци. Во борбата за доминација со чаршијата тој се судира со грчките трговци, кои имаат заштита во Цариградската патријаршија. Отука борбата за превземање на приматот врз македонските пазари станува борба против Патријаршијата и против сето она што таа била носител. Во прв ред таа борба била насочена против патријаршиските (грчки) црковни и училишни институции.

Нако застанува на чело на борбата на Кукушките првенци за истиснување на Грците од клучните позиции. Полека оваа борба против грчките свештеници и месните владици, за раководење со црковно-училишни општини, прераснува во општа сенародна борба против Патријаршијата и создавање на самостојна македонска црква, односно обновување на Охридската афтокефална црква. За постигнување на таа цел не биле избирани средства.

Кукушани биле први од македонските градови кои ги прекинале односите со

Патријаршијата во Цариград, Истовремено, тие стапиле и во контакт со Римската црква. Нако Станишев бил главен иницијатор и двигател на акцијата од 12 јули 1859 година, кога тие стапиле во контакт со Римокатоличката црква, на која и понудиле под одредени услови да влезат во Унија. Оваа негова иницијатива била прифатена од Рим, кој се согласил на барањата верските обреди да се вршат на славјански јазик. Со тоа биле поставени основите на Унијатството во Македонија.

Меѓутоа, за да се спречи унијатското движење во Кукуш, на 29 октомври 1859 година, во Цариград бил ракоположен од солунскиот митрополит Неофит за епископ Полјанската епархија, Партениј Зографски, како прв Македонец со таков чин.  Партениј веднаш се заложил за воведување на црковнославјанскиот јазик во богослужбата во црквите на македонскиот народ, со што го намалило влијанието на грчката црква, а истовремено тоа требало да ги задоволи и барањата на Кукушани.

Играјќи на унијатската карта Нако Станишев покажал исклучителна политичка интуиција во борбата против Цариградската патријаршија. Подоцна тој ја напуштил унијата.

Во текот на 1840 година, Нако Станишев ги посетил Охрид и Струга. Отаму потекнува и неговото познанство со Димитар Миладинов. Во истата година, по препорака на Станишев, Димитар Миладинов доаѓа за прв учител во Кукуш. Меѓу нив се воспоставува срдечно пријателство кое трае две децении. Во овој период, нив ги врзува и заедничката борба за црковна независност, како и усилбите за развој на просветно дело во Македонија.

Нако Станишев целиот свој живот го посвети на народното црковно прашање. Тој беше еден од првите и главни промотори, но и донатори, во борбата против фанариотската Цариградска патријаршија. Многу пати бил осудуван поради своите заложби. Сепак, со својот карактер, смиреност, разумност и умешност, тој знеше да се справи со властите и да се спаси себеси и народот од премрежјата која ги носеше црковно-училишната борба со Грците.

Кузман Шапкарев, зет на Димитар Миладинов, во 1884 година ќе публикува***:   „Материја ли за опишуване на животот на браќата Миладинови, Димитрија и Константин“, Со прибавуване на нешто и за животот на Нако С. Станишев“ .***

Нако Станишев  почина во март 1875 година во Кукуш.